## Примена на условот за директен транспорт

За примена на условот за директен транспорт, одредени поими го имаат следното значење:

а) под пратка се подразбира производи кои:
- се пратени истовремено од еден извозник до еден примач, или
- се опфатени со еден транспортен документ кој ја покрива нивната испорака од извозникот до примачот, или
- се опфатени со една фактура, ако нема транспортен документ.

б) под директен транспорт се подразбира производи кои:
- директно се транспортираат меѓу договорната земја и Република Северна Македонија (овој случај не претставува никаква тешкотија, бидејќи пратката во најголем број на случаи ја придружува еден транспортен документ) или
- се транспортираат како една пратка преку територии на трети земји и доколку постои таква потреба, тие можат да бидат претоварени или привремено складирани во тие земји под услов производите да останат под царински надзор во земјата на транзит и да не бидат предмет на други операции, освен растовар, претовар или било која друга операција наменета за нивно зачувување во добра состојба.

Во случајот наведен во точка (б) алинеја 2, следниве услови мораат да бидат исполнети:
- производите да преставуваат една пратка придружени со соодветна документација и
- производите да бидат цело време под царински надзор, а доколку стоката била растоварена или претоварена за време на транспортот или биле преземени операции за нејзино зачувување во добра состојба, таквите операции се допуштени доколку се спроведени под царински надзор.

Производите може да се транспортираат по цевоводи преку територии на трета земја.

Контролата на исполнетоста на условите за директен транспорт се врши:
- во постапка на увозно царинење на стока со преференцијално потекло со цел да се примени преференцијален третман, односно царинење на стока со преференцијални царински давачки и
- на барање на извозникот за стока која транзитира низ територијата на Република Северна Македонија.

## Исполнетост на условите за директен транспорт при увоз на стока со потекло во Република Северна Македонија

Контролата на исполнетоста на условите за директен транспорт со цел примена на преференцијален третман (преференцијални царински давачки) во согласност со договорите за слободна трговија, се врши во постапка на увозно царинење на стока со

преференцијално потекло. За да може да се примени преференцијален третман, покрај исполнувањето на останатите услови од Договорот, потребно е да се утврди дали е исполнет и условот за директен транспорт на производите, односно дали транспортот на производите е извршен директно од земјата на извоз до земјата на крајната дестинација.

Доколку се утврди дека е извршен транспорт или привремено складирање на територии на трета земја, ќе се примени преференцијален третман само доколку пратката која ја напушта земјата извозник е иста како и таа која пристигнала во Република Северна Македонија. Исполнувањето на овој услов се докажува со:

- единствен транспортен документ, како на пример: бродски товарен лист (Bill of lading), авионски товарен лист (AWB), патен товарен лист (CMR), железнички товарен лист (CIM), список на пратки-бордеро (Bordereau), товарница-забелешка на испорака (Loading list (delivers note), итн., со кој е опфатен преминот од државата извозник преку државата на транзитот,
- уверение за директна пратка (Certificate of direct consignment или познат и како Certificate of non-manipulation) издадено од страна на царинскиот орган на државата на транзит, со кое се потврдува дека стоката на нивната територија цело време била под царински надзор и не била предмет на други операции, освен растовар, претовар или било која друга операција наменета за нејзино зачувување во добра состојба. Во уверението треба да бидат наведени најмалку и податоци за: описот на производите, датумите на растоварување и натоварување, податоци за користените превозни средства и друго или било кои други доказни документи доколку горенаведеното не се обезбеди како на пример: царински обележја, извозно ЕЦД од странски царински орган и друго.

Кога во прилог на увозната декларација е приложен документ со кој се докажува исполнување на условот за директен транспорт, истиот мора да ги содржи претходно наведените податоци и во рубрика 44 на ЕЦД задолжително мора да е наведена шифрата како што е пропишано во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат.

**Исполнетост на условите за директен транспорт при повторен извоз/транзит на стока со потекло низ територијата на Република Северна Македонија**

Постапката за издавање на уверение за директна пратка започнува со прием на Барање за издавање на уверение за директна пратка поднесено од страна на извозникот или негов овластен застапник.

Уверение за директна пратка претставува составен дел на Барањето за издавање на уверение за директна пратка и се заверува од страна на царинскиот орган како потврда на исполнувањето на условите за директен транспорт согласно договорите за слободна трговија, за стока со потекло која е во постапка на повторен извоз/транзит низ Република Северна Македонија и истата под царински надзор била растоварена, претоварена,

складирана или била извршена било која операција наменета за нејзино зачувување во добра состојба на територијата на Република Северна Македонија.

Уверението за директна пратка се издава во два примерока, од кои едниот примерок се враќа на барателот, а другиот се задржува кон царинската декларација за која се однесува уверението, во царинската испостава која го издава уверението, доколку се приложени сите докази за издавање на уверението за директна пратка, а најмалку:

- претходен документ со кој се докажува дека станува збор за странска стока и
- причини за потребата од претовар, растовар, складирање.